Радек Мали / Галина Миклинова

Франтишек од костенот, Анежка од сончогледите

на Јакуб
и на сите малечки во костените

ФРАНТИШЕК ОД КОСТЕНОТ

Радек Мали
Галина Миклинова

АНЕЖКА ОД СОНЧОГЛЕДИТЕ

Издавач: Бегемот, Скопје 2019
Ул. „Ѓуро Малешевец“ бр. 46, 1000 Скопје
Телефон +389 70 741 782
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
е-пошта: info@begemot.mk

Наслов на оригиналот: **František z kaštanu, Anežka z slunečnic**
© Meander, Praha 2006
Macedonian edition © 2019 by Begemot

превод од чешки јазик: Маргарета Карајанова
јазична редакција: Андреј Јованчевски
лектура: Маргарета Карајанова
графичка подготовка: Бегемот

www.begemot.mk

Тираж: 500

Печат: ПЕЧАТНИЦА ГРАФОДЕН
Ул. Горно Лисиче бр. 69, 1000 Скопје

Изданието е објавено со финансиска поддршка од Министерството за култура на Република Чешка

Некој се плаши да рече Темнина
па вели Ден што затворил очи.

Некој се плаши да рече Ништо,
па вели Бог ја врти Земјата.

Некој се плаши да рече Смрт,
па вели се Враќаме дома.

Некој се плаши
и верува во тоа.



ФРАНТИШЕК ОД КОСТЕНОТ, АНЕЖКА ОД СОНЧОГЛЕДИТЕ И КАКО ПОЧНА Сѐ

Едно еже зеленее на слеп пат. Стар автомат и гранули за домашни миленичиња. До гледање, Клементина! Тврди семиња и наострено клунче на трнарче.

Трас! Бум! Ра-та-та!
Беше ветровита ноќ среде септември. Месечината, која се доближуваше, се скри во темнината и портокалов самрак ја облеа заборавената селска железничка станица...
Туп – туп!
На перонот паѓаа костени, вистински есенски рафали.
Во тој тупот и тресок наеднаш се зачу:
Аааууф!
Едно зелено еже од последното дрво падна меѓу шините. Се вика костен, а го боли ли? Сепак, овој не беше сосема обичен. Напукнатата лушпа сама од себе се преполови и таму каде што секој очекуваше кафено костенче, беше стуткан – Франтишек. Сѐ уште беше малку мокар, но на ноќниот ветар бргу се исуши. Само што никогаш потоа не се спаси од вечната настинка.
Излупениот Франтишек во таа единствена ноќ порасна и дозреа, русата коса му потемне и гласот му огрубе. Потоа неколку дена талкаше околу железничката станица, спиеше под клупа, а навечер пиеше млеко од мачката на свртничарот, Клементина. Таа го оставаше зашто беше ужасно слаб. Дење, тогаш кога не минуваше ниеден воз, крадеше од стариот автомат за гуми за џвакање.

Да не му го земаме тоа за зло, секако сите гуми за џвакање беа уште одамна тврди како камен.

– Тука има еже, Клементина. Го слушнав вчера како тупоти – рече една вечер свртничарот, удобно втонат во фотељата.

– Од каде еже? Тоа е паразит – замјаука мачката во неговиот скут. – Гладен и кутар, се плаши од нашите кокошки и од луѓето. – Нејзиниот говор се изгуби во бучавата на возовите. Оттогаш господинот свртничар на замисленото еже почна да му сипува под клупата гранули за домашни миленичиња.

Таквиот бездомнички живот бргу престана да му биде интересен на Франтишек. Четвртиот ден, кога по него низ оградата влезе петел, се освести и рече:

– Еднаш сум на овој свет, така што ќе го погледнам одблизу. – Си ја спакува торбата, од свртничарот зајми рогозина, која подоцна му служеше како простирка за спиење, и тргна на долг излет. Клементина го забележа како ѝ мавта од скалата на вагонот на последниот локален воз што поаѓаше дента.

На едно поле, недалеку од железничката, спиеја сончогледите. Цело лето се вртеа по сонцето и во себе впиваа сила од небото и од земјата. Сепак, деновите се скратуваа, па сончогледите ги веднеа стежнатите глави кон земјата. Среде цветовите почнаа да зреат цврсти семки. Се полнеа со масло и им замирисаа на птиците.

На еден таков сончоглед едно утро застана врапче и почна да го клука: клук ваму, клук таму, не беше ни гладно, туку само имаше апетит. А сончогледот почна да лелека без причина:

– Невоспитан еден, бегај оттука! Не зреам за тебе. Еве ти, на!

Го касна изненаденото врапче за ногата. Тоа исплашено летна викајќи:
– Помош, месојадна билка – и исчезна на крајот од полето.
Можеме само да се сетиме дека не го навредуваше сончогледот, туку Анежка. Сè уште ситна, тукушто излезена од лушпите на сончогледовите семки. Почека да потпорасне на сонцето, ги изеде сите семки наоколу и го распавта својот цвет така што достигна речиси до земјата – ниш-ниш! Тукушто пркната, но желна за авантури, појде низ светот. Притоа не можеше да се ослободи од чувството дека некој ја чека некаде.
Лесно се препознаа двајцата: Анежка почесто беше во добро расположение одошто во лошо и многу сакаше да си свирка. Имаше прцлиња, шалче на вратот и процеп меѓу предните заби. Тоа ѝ беше од грицкањето сончогледови семки како мала.
Франтишек по џебовите носеше марамче и костени, а на главата шапка. Палтото, кое му мирисаше на тутун, му беше малку големо, а зад него постојано се вееше шал. Во почетокот се чувствуваше осамен, па повремено беше тажен – но тоа не траеше долго.

